Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 01-86/1
Охрид, 27.1.2022 год.

Врз основа член 94 од Законот за високото образвоние („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и 197/2021) и член 20 од Правилникот за техничките и организациските мерки за информацискиот систем и информатичката структура за безбедност при обработка на личните податоци во Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, а во врска со член 22 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 122/20), Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, на седницата одржана на ден 27.01.2022 година донесе

Правилник
за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци во Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци, кои се предмет на обработка во Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид (во натамошниот текст: Универзитетот).

Член 2

Универзитетот врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во системот, на начин со кој се гарантира постојана можност за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле пред да бидат изгубени или уништени.
Сигурносните копии се прават секој работен ден, на крајот од работната седмица и секој последен работен ден во месецот.
За таа цел се користи server (сервер за поддршка) и надворешна меморија во кои еднаш дневно се креира резервна копија на личните податоци кои се обработуваат во Универзитетот во случај на пад на компјутерскиот систем или негово оштетување од каква било причина, сите податоци остануваат сочувани во серверот.
За да се спречи губење или уништување на податоците се користи преносен мемориски уред (backup storage поради капацитетот и доверливоста) во кој еднаш дневно се креира резервна копија на личните податоци кои се обработуваат во Универзитетот. Во случај на пад на компјутерскиот систем или негово оштетување од каква било причина, сите податоци остануваат сочувани.

Член 3

Заради заштита од неовластен пристап, преносниот мемориски уред во кој е сместена сигурносната копија на сите снимени податоци е сместена на алтернативна безбедносна

локација која се наоѓа надвор од просторијата во која се наоѓаат серверите и персоналните компјутери во кои се сместени збирките на лични податоци.
Пристап до алтернативната локација каде што се чува преносниот мемориски уред има само администраторот на информатичкиот систем. Администраторот на информатичкиот систем задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии од став 1 на овој член, зашто го известува офицерот за заштита на личните податоци и ректорот на Универзитетот.

Член 4

При повторно враќање на зачуваните лични податоци администраторот на системот врши евидентирање на таквото враќање на податоците, како и се евидентира датумот на враќањето на податоците и категоријата на податоци што се враќа. За враќањето на личните податоци администраторот на системот составува записник во кој се наведува лицето кое го врши враќањето, времето и категоријата на личните податоци.

Член5

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски билтен“ на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, а ќе биде објавен и на веб – страната на Универзитетот.
Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, престанува да важи во Универзитетот за информатички науки и техологии „Св. Апостол павле” Охрид, бр.01-756/1 од 28.06.2013 година.

Претседател на Универзитетски сенат
Вонр. проф. д-р Атанас Христов с.р